Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерство за транспорт, на ден 06.11.2025 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, на дел од КП 635, КО Центар 2, во градска четврт Ј 07 од ГУП Скопје 2012, КО Центар 2, Општина Центар, со тех.бр. F0425** кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, на дел од КП 635, КО Центар 2, во градска четврт Ј 07 од ГУП Скопје 2012, КО Центар 2, Општина Центар, со тех.бр. F0425**, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Површината во границите на проектниот опфат изнесува 0,48ха. и се наоѓа во веќе изграден комплекс. На овој простор се организира функционална урбанистичка целина со намена за специјални градби за потребите на Министерството за внатрешни работи. Со ваква намена ќе се создадат позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување и од аспект на повисока организација и уреденост на просторот и инфраструктурна опременост.
4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 21-7151/2
Датум: 06.11.2025
Место: Скопје

**Министер**
**Александар Николоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * MINISTRIA E TRANSPORTIT
СКОПЈЕ - SHKUP